РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-998/5
19.03.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 11-та седница одржана на 19.03.2025 година, во врска со Предлогот Уп1 бр.03-1009/1 од 13.03.2025 година за поведување прекршочна постапка на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ за прекршување на членот 92 став 1 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-965/1 од 10.03.2025 на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ и утврди дека радиодифузерот и покрај Решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 23.01.2025 година, не ја отстранил повредата, односно продолжил со прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Советот заклучи против Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ да се поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот програмски надзор е констатирано дека на 20 февруари 2025 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
   - Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**